СОНК БАРА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НИВОТО НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ

ОДРЖАНА 12-ТА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА СОНК

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, (највисок орган на одлучување помеѓу два конгреса), на 09.06.2018 година ја одржа својата 12-та редовна седница.

На оваа седница беа разгледани состојбите во дејностите: детска заштита, основно, средно и високо образование, наука и култура. Врз основа на исцрпната расправа Советот едногласно ги донесе следниве **Заклучоци**.

ПОТПИШАНИ ЗАПИСНИЦИ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА РАБОТЕН ОДНОС ВО ОПШТИНИТЕ КУМАНОВО, СТАРО НАГОРИЧАНЕ, РАНКОВЦЕ, КРАТОВО, КРИВА ПАЛАНКА И

ЛИПКОВО

Во текот на месец Февруари 2022 година, претседателот на Регионалниот Одбор на СОНК- Куманово, Никола Стојмановски, како член на Комисиите за трансформација на работниот однос во Општините Куманово, Старо Нагоричане, Ранковце, Кратово, Крива Паланка и Липково има потпишано повеќе Записници за трансформација на работниот однос во основните и средните училишта и тоа: за 10 лица од основните и 1 лице од средните училишта.

Воедно, во изминатиот период, претседателот на Регионалниот одбор на СОНК – Куманово го одржа првиот состанок со новоизбраните претседатели на синдикални организации. На работната средба беа избрани членови на Надзорен одбор и нивни заменици, како и членови во Советот на СОНК по структура.

На работната средба се разговараше за проблемите и незадоволството во основно и средно образование. Исто така, се дискутираше за работното време во градинките, кое се разликува во различни установи и за кое треба да се изнајде решение.

Регионалниот одбор на СОНК- Куманово дава силна поддршка на Заклучоците донесени на првата седница на Советот на СОНК и бара утврдување на финален текст на колективните договори за основно и средно образование, нивно потпишување и доследно почитување на истите, во спротивно бара да се отпочне со подготовки за организирање на генерален штрајк.

НАСЛОВ СО ПОВОД

КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ ШТО ГИ ИМА ПОТПИШАНО СОНК, ВАЖАТ ИСКЧЛУЧИВО ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК

Одржувањето на едукативните семинари со членовите на регионалните одбори на СОНК, во предходните два викенда беа со регионалните одбори на СОНК од Битола, Гази Баба, Струга и Охрид. И на овие четири регионални одбори, се повтори тоа што беше одлика и на предходните регионални одбори – без малку, целосно учество на членовите на регионалните одбори (претседатели и евентуално секретари, како замена за претседатели кои оправдано биле спречени), недвосмислен интерес за излагањата по темите од страна на претставниците од највисокото раководство на СОНК и што е посебно значајно за сите досегашни региони – неподеленото мислење од потребата и користа за ваквите едукативни семинари.

Досегашниот впечаток на раководството на СОНК е дека поголемиот дел од членовите на регионалните одбори, не се доволно упатени во содржината на документите на СОНК, а тука се мисли на Статутот на СОНК, Програмата на СОНК и посебно за поединечните колективни договори по дејности. Ваквиот заклучок, раководството го изведува од фактот, што во вториот дел од семинарот, кој всушност е работно – разговорен, со очекувања за давање на предлози, мислења, иницијативи, одредени состојби за некои синдикални организации, кои се за одбележување и кои се позитивни, а зошто да се крие ги има и негативни, бројот на учесници во овој дел е под очекувањата на овие семинари.

Благо речено, неприфатливо е дека, еден голем дел на членови на регионални одбори (ова важи за сите досега одржани регионални одбори), со изненадување да го слушнат непобитниот

аргумент, дека потпишаните колективни договори на СОНК, кои се во важност и се применуваат – **ВАЖАТ ИСКЛУЧИВО САМО ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК!** Нека ни биде простено на тежината на зборот што ќе го кажеме – **Б О Л И** оваа реалност, кога ќе слушнете прашање и одобрување од најголемиот дел од другите присутни – **Зошто да членуваме во СОНК, кога ги користат истите права и тие што не се членови на СОНК ???!!!**

СОНК е единствениот Синдикат, не само во нашата држава, туку и пошироко во Регионот, кој успеал со соодветниот социјален партнер, за секој од потпишаните колективни договори, да го вгради ова решение, кое има сила на Закон, а со правен јазик кажано, дури и повисоко од Закон, затоа што утврдува поголеми права, кои со Закон се утврдени.

Непознавањето на оваа толку важна одредба од нашите колективни договори, сигурно дека досега голем дел од нашите членови имаат изгубено права кои требало да ги користат, а исто така и на целиот наш Синдикат, му има нанесено огромна штета.

На крајот, ќе го споменеме и сеуште од поедини членови од регионални одбори, поставувањето на прашањето за плаќањето на надоместокот за превоз на наставниците и често пати со обвинувања до раководството на СОНК, дека не успеале да го одбранат ова право, што не постои со самиот системски премин на финансирање од нето во бруто плата. Тоа е решение на ниво на држава и станува збор за систем и никој не можел поинаку да бара издвојување, меѓутоа раководството на СОНК сите овие години од 2009, па се до денес, во договор со раководствата на општините и со посретство на Министерството за образование и наука, во најголемиот број на општини го имаат решено на различни начини, но во секој случај со обезбедување на бесплатен превоз на наставниците, а никако со добивање на паричен надоместок, бидејќи тоа би претставувало кривично дело.

И сосема на крај, општа оценка за досега одржаните едукативни семинари, во четиринаесет регионални одбори на СОНК е во секој

случај многу позитивна, а слабостите кои испливаа, а за некои од нив се обидовме да проговориме и во овој текст, раководството преку Советот на СОНК, ќе направи анализа и очекувано е да биде донесен документ, за надминување на овие состојби.

ОДРЖАН VII-от КОНГРЕС НА СОНК

ЈАКИМ НЕДЕЛКОВ – РЕИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОНК

Во текот на вчерашниот ден, 13.10.2021 година, во исклучително пријатна и работна атмосфера се одржа VII-от Конгрес на СОНК.

На Конгресот, согласно Одлуката за бројот и составот на делегати, од вкупно 119 беа присутни 115 делегати од сите дејности што ги застапува СОНК. Секако, на Конгресот присуствуваа делегации од социјалните партнери и соработници на СОНК, како и делегации од земјите од странство поточно синдикати од образование, со кои нашиот синдикат има долгогодишна синдикална соработка.

Согласно Дневниот ред, Делегатите на VII-от Конгрес едногласно ги усвоија следните документи:

-Извештај за работата на СОНК во мандатен период од декември 2015 до октомври 2021 година;

-Програма за работа на СОНК за мандатен период

октомври 2021 – октомври 2026 година;

-Статут на СОНК;

-Резолуција за усогласување на платите на вработените во детските градинки, основното и средното образование со Законот за минимална плата; -Резолуција за заштита на претседателите на синдикалните организации на СОНК; -Резолуција за исплата на целосна плата на заболени и во изолација од пандемија; -Резолуција за почитување на Законот за работни односи во делот на примена на гранските (посебните) колективни договори.

По усвојување на документите, Делегатите на VII-от Конгрес го реизбраа Јаким Неделков за претседател на СОНК и му дадоа доверба да го води СОНК во наредните 5 години.

Наставниците едукатори ја започнаа реализацијата на проектот YouWell

На 01.10.2023 година, 5-те наставници, кои беа избрани на јавниот повик на СОНК за учесници во проектот Sustaining Young Teachers' Wellbeing at School –YouWell (2022-1-BG01-KA220-SCH-000085901), отпочнаа да ја реализираат својата програма. Имено, секој од нив избра по тројца млади наставници, на кои во следните девет месеци ќе им ја пружаат неопходната помош за да навлезат во тајните на наставничката професија, како и дополнително да ја засакаат оваа благородна работа.

Наставниците – едукатори одговорија на прашалник, кој придонесе да се добие појасна слика за профилот и потребите на помладите наставници. Тие со своите колеги работат групно и индивидуално, каде се разговара за задачи и конкретни цели кои треба да се постигнат за периодот додека трае проектот.

Наставниците – едукатори се подготвени да го вложат сиот свој капацитет и искуство во работата со младите наставници, со цел да изградат профил на наставник кој ќе ги задоволи и најстрогите критериуми за квалитетен наставник.

РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ ЗА КУЛТУРА

Денес, највисокото раководство на СОНК оствари работна средба со министерот за култура и неговите најблиски соработници, на која што беше расправано за повеќе прашања во интерес на културните работници. Особено беше подвлечено прашањето на ниските плати во дејноста култура, финиширање со Колективниот договор за култура како и негова имплементација.

Охрабрува фактот што министерот во потполност ги прифаќа нашите аргументи за наведените состојби во културата, како и искажаните негови ставови дека во наредниот период ќе направи максимални заложби за заокружување на веќе започнати процеси и дека во духот на социјалниот дијалог и партнерство ќе се дојде до прифатливи решенија и за СОНК и за Министерството за култура.

ДОНЕСЕНА ЕДНОГЛАСНА ОДЛУКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВЕН МАСОВЕН ПРОТЕСТ

ОДРЖАНА СЕДУМНАЕСЕТАТА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

ДОНЕСЕНА ЕДНОГЛАСНА ОДЛУКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВЕН МАСОВЕН ПРОТЕСТ

Советот на СОНК, во проширен состав, на 17 и 18 мај оваа година, ја одржа својата седумнаесета редовна седница, на која што беа разгледани повеќе точки во надлежност на нашиот Синдикат.

На една од точките, од дневниот ред на седницата, се изврши анализа на досегашните активности во дејностите што ги обединува СОНК, но и се направија согледувања и сондажа од одржаните состаноци на регионално ниво и мислења од страна на членството за идните чекори што треба да ги направи нашиот синдикат, за остварување на барањата утврдени од минатата година и врз основа на истите се одржаа протести во повеќе градови во нашата држава.

Од дискусиите и анализите по однос на платите, поединечно за секоја дејност, членовите на Советот на СОНК го констатираа следното:

– Во дејноста детска заштита – детските градинки и покрај тоа што на неколку средби и на највисоко ниво и на ниво на претседатели на синдикални организации, на кои што од страна на Министерот за труд и социјална политика, беше ветувано дека со донесувањето на Законот за детска заштита, каде што со бодови се регулирани работните места на носителите на дејноста(не за сите вработени), ќе има зголемување на платите на вработените од оваа дејност, сеуште нема никаков резултат. Ставот на СОНК, по однос на ова прашање е дека треба да се

потпишат измени и дополнувања на Колективниот договор за детска заштита, во кој што ќе бидат вградени сите работни места и се направат корекции на коефициентите, согласно постоечките закони.

– Во дејностите основно, средно и високо образование и наука и покрај укажувањата и барањата од страна на раководството на СОНК и доставените заклучоци од страна на Советот на СОНК, за усогласување на платите, согласно процентуалното зголемување на минималната плата на национално ниво, на средбите со Министерот за образование се добива одговор дека во Буџетот за овие дејности е предвидено зголемување на платите за 5% , што не е доволно за следење на растот на висината на минималната плата во Р.М. Ставот на СОНК е дека процентот на зголемување на минималната плата на национално ниво, треба да биде пропорционален и во делот на зголемување на платите, согласно постоечките колективните договори за основно и средно образование, а во најскоро време да се потпише Колективен договор за високо образование и наука.

– Во дејноста култура и покрај настојувањето на СОНК, долгогодишната неправда кај вработените во оваа дејност,каде што за исто работно место во иста организација или во друга организација во културата, се земаат различни висини на плати, да се регулира со Колективен договор за култура. Наместо на ваков начин да се регулираат платите во оваа дејност, едностранo, без учество на СОНК, Министерството за култура решава да се нивелираат платите во оваа дејност. Ставот на СОНК, по однос на ова прашање е дека треба под итно да се потпише Колективниот договор за култура и платите да се регулираат по истиот.

По извршената опширна анализа, Советот на СОНК, **едногласно** донесе Одлука, во корелација со КСС, **на 8ми јуни** оваа година, да се организира Јавен масовен протест во Скопје, на платото пред Влада на Република Северна Македонија, на кој ќе се побара остварување на барањата на вработените од јавниот сектор, каде што секако припаѓаат дејностите што ги обединува

нашиот Синдикат.

СОНК ОСТВАРИ РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

На 1-10-2020 година, кога званично и отпочна новата учебна 2020/2021 година, во Министерството за образование и наука се оствари работна средба помеѓу раководството на СОНК и министерката за образование и наука.

На работната средба, освен што се разговараше за почетокот на учебната година со сите предизвици и недостатоци, во услови на пандемија, се разговараше и по однос на Барањата, доставени од СОНК на 14-09-2020 година (можат да се видат на веб страната на СОНК) до министерот за образование и наука, кои се однесуваат на одредени прашања во сите сфери на образованието и тоа:

- по однос на прашањето или поточно проблемот на поделбата на паралелките, согласно протоколите за работа во основното образование и поделбата на учениците, онаму каде што се изведува настава со физичко присуство, при што ќе се зголеми обемот на работата на наставниците, беше договорено секоја општина да направи анализа и да изнајде решение со вработувања на наставници за итни и неодложни работи или да се изврши обештетување согласно Законот за работни односи и Општиот колективен договор

за јавниот сектор на Република Македонија.

- по однос на доставените Барања од страна на СОНК, во кои се вградени сите горливи прашања во сите сфери на образованието, генерално беше постигнат договор да се формираат работни групи и да се отпочне со преговори по сите отворени прашања од барањата.
- како едно од најитните и приоритетни прашања,за што се согласија и двете страни, беше отпочнување на преговори за изготвување на колективен договор за високо образование и наука и беше договорено, во најкус можен рок , да се формира работна група и да се отпочне со изготвување на колективниот договор, во кој што, како основица за пресметка на платите би била минималната плата на ниво на држава.

СОНК и во овој случај, сака да го охрабри и убеди своето членство, дека само преку искрен и коректен социјален дијалог на сите нивоа, секако отпочнувајќи на ниво на работодавач – установа, на ниво на локална самоуправа – општина и на централно ниво, може да се дојде до постигнување на договор, односно решавање на проблемите.

Честит празник – Ден на нашите просветители

Синдикатот на образование, наука и култура – СОНК на сите просветни работници им го честита празникот 24 Мај – Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј.

Јавен протест

Во организација на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија (КСС), раководството на СОНК влегува во завршна фаза на подготовките за најавениот социјален протест, што ќе се одржи на **17 јануари 2018 година во 5 минути до 12 часот**, пред Владата на Република Македонија.

На овој протест активно учество ќе земат 11 гански синдикати кои се здружени во КСС, кои на 21 Декември 2017 година донесоа Одлука со која јавно ќе го изразат своето незадоволство за односот на актуелната власт кон репрезентативните синдикати, неможноста преку социјален дијалог да ги остварат своите социјални барања, како и да го искажат својот револт за сé пожестокиот притисок на раководните лица во јавните установи врз синдикалните активисти.

Ги повикуваме сите членови на гранските синдикати здружени во КСС, возрасните членови на нивните семејства, останатите синдикати во Република Македонија, невладини организации, работници кои се солидарни и согласни со нашите барања да излезат на овој јавен протест и да не поддржат.